Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ
Примено: 10-05-2017
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| --- | --- | --- | --- |
| 03 | 2427 | 1 | |

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

**До: д-р Зоран Трајчевски,**
**директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14 и 142/16), се доставува

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР

1. **Вид надзор:** вонреден

2. **Субјекти на надзорот:** сите 62 радиодифузери коишто емитуваат телевизиска програма, и тоа:

| | | | | | | | |
| --- | --- | --- | --- | --- | --- | --- | --- |
| 1 | ТВ Алфа | 17 | ТВ Ера | 33 | ХДТВ Мега | 49 | ТВ Здравкин |
| 2 | ТВ Алсат-М | 18 | ТВ МТМ | 34 | ТВ Канал Визија | 50 | ТВ Свет |
| 3 | ТВ Канал 5 | 19 | ТВ Скопје | 35 | ТВ Регионална 02 | 51 | ТВ Лажани |
| 4 | ТВ Сител | 20 | ТВ Шутел | 36 | ТВ М | 52 | ТВ Орбис |
| 5 | ТВ Телма | 21 | ТВ КТВ | 37 | ТВ Канал три | 53 | ТВ Морис |
| 6 | ТВ 24 Вести | 22 | ТВ Канал еден | 38 | ТВ Кисс | 54 | ТВ Калтрина |
| 7 | ТВ Канал 5 Плус | 23 | ТВ К Три | 39 | ТВ Коха | 55 | ТВ Спектра |
| 8 | ТВ Наша ТВ | 24 | ТВ Сител 2 | 40 | ТВ Ултра | 56 | ТВ Дибра |
| 9 | ТВ Сител 3 | 25 | ХДТВ Канал Плус | 41 | ТВ Топестрада | 57 | ТВ Гурра |
| 10 | ТВ Сонце | 26 | ТВ Ирис | 42 | ТВ Феста | 58 | ТВ Аниса |
| 11 | ТВ Компани 21-М | 27 | ТВ Стар | 43 | ТВ Хана | 59 | ТВ Дуе |
| 12 | ТВ Шења | 28 | ТВ Вис | 44 | ТВ Нова (Гевгелија) | 60 | Г-ТВ |
| 13 | ТВ Нова (Скопје) | 29 | ТВ Телеканал А1 | 45 | ТВ Кочани-ЛД | 61 | ТВ Плус |
| 14 | ТВ Арт Чаннел | 30 | ТВ Кобра | 46 | ТВ Канал 8 | 62 | ТВ Ускана медиа |
| 15 | ТВ Амазон | 31 | ТВ Ускана еден | 47 | ТВ Протел | | |
| 16 | ТВ Едо | 32 | ТВ Тера | 48 | ТВ Канал 21 | | |

3. **Датум на извршување на надзорот:** 10-ти мај 2017 година

4. **Предмет на надзорот:** Надзорот се врши за да се констатира дали некоја телевизиска станица извршила промена во сопственичката структура без претходно да ја извести Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и пред истата да биде одобрена од страна на Агенцијата.

Во член 41 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги е утврдено дека *„пред спроведување на каква било промена на сопственичката структура, радиодифузерот е должен да ја извести Агенцијата"*, а во вториот став од овој член е

утврдено дека радиодифузерот не смее да ја спроведе промената на сопственичката структура пред истата да биде одобрена од страна на Агенцијата.

Надзорот се спроведе на начин што беа споредувани податоците за сопственоста на телевизиските станици со коишто располага Агенцијата и податоците за сопственоста од тековните состојби на телевизиските станици, (издадени од Централниот регистар на Република Македонија), коишто самите ги доставија во Агенцијата во рамки на исполнувањето на обврската од член 15 став 1 од Законот за медиуми.

5. **Констатации од надзорот:** Со надзорот беше констатирано дека нема прекршување на одредбите од член 41 ставови 1 и 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно дека ниту една од 62-те телевизии коишто беа субјекти на надзорот не извршила промена во сопственичката структура без претходно да ја извести Агенцијата и пред истата да биде одобрена од страна на Агенцијата.

***Сектор за стратешко планирање и авторски права***